Уп. Бр. 08-164/2022

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото **ОРБИКО ДОО за трговија Загреб**, со седиште на ул. Котурашка Цеста 69, Загреб, Република Хрватска, преку полномошник Адвокат Маја Парговска, Скопје, Северна Македонија, на седницата одржана на ден **25.01.2023** година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која друштвото **ОРБИКО ДОО за трговија Загреб**, со седиште на ул. Котурашка Цеста 69, Загреб, Република Хрватска, има намера да стекне дирекна контрола над **ДЕБА ЦЕДАРС ИНВЕСТМЕНТ С.Р.Л.,** со седиште на ул. Елена Вакареску Бр. 25, Блок XX/4, скалиште 1, кат 2, стан 8, Сектор 1, Букурешт, Романија, по пат на стекнување на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 22.12.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од страна **ОРБИКО ДОО за трговија Загреб,** со регистрирано седиште на ул. Котурашка Цеста 69, Загреб, Република Хрватска, со која **ОРБИКО ДОО за трговија Загреб** има намера да стекне дирекна контрола над **ДЕБА ЦЕДАРС ИНВЕСТМЕНТ С.Р.Л ,** регистрирано седиште на ул. Елена Вакареску Бр. 25, Блок XX/4, скалиште 1, кат 2, стан 8, Сектор 1, Букурешт, Романија, Црна Гора, по пат на стекнување на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ОРБИКО ДОО за трговија Загреб**, е друштво кое особено се занимава трговија на големо и истовремено истото е застапник и дистрибутер на територијата на Република Хрватска за голем број на брендови кои се движат од производи за нега и убавина, прехрамбени и непрехрамбени производи, технички и електрични апарати, лекови, играчки, текстил, цигари, моторни масла и многу други производитрговија

ОРБИКО ДОО за трговија Загреб има едно поврзано друштво во Република Северна Македонија:

Друштво за трговија и услуги **ОРБИКО ДОО Скопје**, со седиште на ул. Борис Трајковски бр. 286, Општина Кисела Вода, Скопје, Република Северна Македонија и со ЕМБС 5024277, со приоритетна дејност: 46.90 Неспецијализирана трговија на големо.

Главен предмет на работењето на ОРБИКО ДОО Скопје е неспецијализирана трговија на големо и истовремено е застапник и дистрибутер на територијата на Република Северна Македонија за голем број на брендови на рехрамбени производи,моторни масла, батерии, парфеми, тоалетни води и дезодоранси, декоративна козметика, производи за лична хигиена, производи за нега (лице и тело), производи за одржување на хигиена во домаќинствата.

**ДЕБА ЦЕДАРС ИНВЕСТМЕНТ С.Р.Л.**, Романија, со предмет на работење (претежна дејност) – 6420 дејности на холдинг друштва, е друштво со специјална инвестициона цел кое не остварува промет туку остварува приходи само од дивиденди.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**